Бр./Nr 12-1456/2
01-08-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 72-та седница одржана на 29.07.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1456/1 од 06.04.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители.

Предметот со број 12-1456/1 од 06.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 06.04.2021 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-1456/1 од 06.04.2021 година.

Пријавата се поднесува против ---------------------------- заменик јавен обвинител при ОЈО ----------- и --------------------- од --------, пратеник од редовите на СДСМ. Во однос на овие лица се наведува дека во одреден угостителски објект истите одржале средба со лицето ----------------------------, а според сознанијата на подносителот тема на разговор на средбата било постапување по кривичен предмет кој се води против него. Ова лице на јавноста и било познато по тоа што гради хотел во населба ------------------, која градба била стопирана неколку пати а жителите на населбата сметале дека истата е дивоградба. Во продолжение се наведува дека на средбата од страна на јавниот обвинител му било посочено на физичкото лице да најми одредено вешто лице кое знае како да го изработи вештиот наод кој физичкото лице би го искористило како доказ во своја корист во кривичната постапка.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатираше дека во пријавата се изнесуваат претпоставки за водени разговори, а со оглед дека подносителот е непознат ДКСК не е во можност да обезбеди докази за истите и оцени дека нема елементи за надлежно постапување, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk